Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 185/0306
11.07 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми јуни 2022 година, врз основа на примена жалба од Здружение „Нексус – Граѓански концепт“, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Прилогот на Телевизија „Алсат-М“, насловен „Невладини, добиле 600 илјади евра“, како и текстот со наслов „Новинар тврди: Невладини организации на сопруги на двајца функционери поделиле 600 000 евра“, објавен на веб-страницата на телевизијата, не отстапуваат од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 17-ти јуни 2022 година, Здружението „Нексус – Граѓански концепт“, Скопје (Nexus Civil Concept) поднесе жалба за прилогот со наслов „Невладини, добиле 600 илјади евра“, емитуван на 9-ти јуни 2022 година во вечерните изданија на вестите на Телевизија „Алсат-М“.

Поднесената претставка се однесува и на текстот насловен „Новинар тврди: Невладини организации на сопруги на двајца функционери поделиле 600 000 евра“, објавен истиот ден на веб-страницата на телевизијата (www.alsat.mk).

Во жалбата испратена од извршната директорка на здружението, Афродита Муслиу, се наведува дека прилогот и текстот содржат неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во член 1 и член 13.

Муслиу посочува дека пред да биде објавен прилогот, Алсат-М ТВ побарал став од нивното здружение, кое им одговорило дека во однос на проектот треба да се обратат за одговор до Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), кои биле лидери на проектот.

Во овој контекст, жалителите наведуваат дека и покрај одговорот од МЦМС дека новинарот не ја зборувал вистината, Телевизијата ги објавила спорните содржини кои се предмет на оваа жалба, на веб страницата, како и во вестите емитувани во 19 и 23 часот.

*„Во овие вести, на нова/дополнителна снимка со Горан Момировски тој продолжува да кажува невистини, дека Владата одлучувала за тоа кој ќе го добие проектот, и дека токму двајцата сопрузи кои се високи државни функционери влијаеле да сопругите со нивните невладини ги поделат парите?! НЕВИСТИНА! Владата не може да се меша за тоа кој ќе добие проекти/донации од меѓународни НВО или странски организации?!“,* велат од Нексус – Граѓански концепт, Скопје.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Алсат“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Авторот на прилогот, Иле Петревски, одговори дека во содржината нема ништо спорно и дека во неа се опфатени сите страни во приказната. Тој појаснува дека за наводното добивање на парите од странски фонд обвинувал новинарот Горан Момировски и дека тоа било потенцирано во текстот. Петревски потенцира и дека од негова страна, како автор на прилогот, биле побарани и објавени ставови од Вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, од Афродита Муслиу од Здружението НЕКСУС и од Александар Кржаловски, односно од невладината МЦМС.

*„Откако добивме информација од новинарот Момировски, веднаш исконтактирав со кабинетот на вицепремиерот Битиќи од каде што ни кажаа дека е на службен пат, но ни дадоа конкретен одговор кој е објавен во текстот, дека тој ги отфрла сите обвинувања кои се на негова и на адреса на неговата сопруга. Потоа стапив во телефонски контакт со госпоѓа Афродита Муслиу од каде таа ми посочи дека треба да се обратам во МЦМС како носители на целиот проек. Тоа веднаш го сторив. Телефонски го побарав Александар Кржаловски, кој не можеше да одговори на повикот бидејќи ми кажа дека е на состанок. Но преку СМС порака добив објаснување за проблематиката и тоа го наведов во текстот на прилогот за вести“*, вели новинарот на „Алсат-М“ во одговорот на жалбата.

Новинарот Петревски, во прилог на одговорот, како потврда, ја достави и скрин шотови од електронската комуникација што ја остварил со засегнатите страни.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во прилогот и во текстот на „Алсат-М“ нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека Телевизија „Алсат-М“ не е член на Советот за етика во медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28-ми јуни 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие, најнапред, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата констатира дека се работи за телевизиски прилог и текст, кои се сосема идентични според содржината, а кои пренесуваат изјава на новинар, поврзани со потенцијален случај на корупција и можна инволвираност во случајот на владини функционери. Во прилогот се презентирани ставови на новинарот Горан Момировски, кој изнесува наводи дека невладини организации, раководени од сопругите на вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи и на директорот на Агенцијата за разузнавање, Ерол Муслиу, поделиле пари од странски фонд во висина од над 600 илјади евра. Тој изнесува сомнежи дека двете невладини организации го добиле проектот благодарение на влијанието на двајцата функциониери.

Комисијата се согласи дека текстот произлегува од јавниот интерес, зашто прашањата поврзани со евентуалната злоупотреба на функцијата од страна на државните функционери се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Прилогот на „Алсат-М“ е професионален, етички и избалансиран. Во содржината се опфатени неколку аспекти, а новинарот го испочитувал и основното новинарско правило на „втора страна“. Медиумот го контактирал и пренел мислење од Вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, а се обратил и до сопругата на директорот на Агенцијата за разузнување, Афродита Муслиу. Презентирано е и мислење на невладината организација „Македонски центар за меѓународна соработка“, која била координатор на проектот и која ги демантира информациите на новинарот како неточни.

Оттука, Комисијата утврди дека „Алсат-М“ не ги прекршил начелата на Кодексот на новинарите на Македонија и на најде елементи на повреда на член 1 и член 13, на кои упатува жалителката.

Одлуката на Комисијата да се отфрли оваа жалба како неоснована ја темели на фактот дека „Алсат-М“ ги испочитувал сите членови од Кодексот на новинарите, кои се во корелација со темата:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 4:*** *„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Став на Комисијата за жалби е дека критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции се меѓу главните задачи на новинарите, при што, новинарското известување секогаш треба да биде фер и урамнотежено. Во овој контекст, Комисијата го охрабрува истражувачкото новинарство, особено кога фокус на истражувањата се потенцијални злоупотреби од страна на државни функционери и институции.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595